*Борче ИЛИЕВСКИ*

**УДК: 314.15(487.72)„1912/1941“**

# ВЛИЈАНИЕТО НА МИГРАЦИИТЕ ВРЗ ЕТНИЧКАТА И ДЕМОГРАФСКАТА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1912–1941)

***Кратка содржина***

*Во текстот се анализираат етнодемографските промени што настанале во делот на Македонија кој по Балканските војни и Првата светска војна станал составен дел на Кралството Србија, односно Кралството СХС/Југославија. Анализата на посочените промени е поткрепена со официјалните статистички податоци објавени по 1914 година, врз основа на пописите на населението спроведувани од Кралството Србија во 1913 година и од Кралството СХС/Југославија во 1921 и 1931 година.*

*Покрај податоците од официјалните пописни публикации како мошне значаен извор за миграционите движења, се користат и повеќе теренски етнографски и антропогеографски истражувања. Врз основа на анализата на официјалните статистички податоци и миграционите движења, можеме да ги согледаме промените во етнодемографската структура на населението во делот на Македонија под српска власт, особено за периодот меѓу двете светски војни.*

***Клучни зборови**: МИГРАЦИИ, ЕТНОДЕМОГРАФСКИ ПРОМЕНИ, МАКЕДОНИЈА, ПОПИСИ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ИСЕЛУВАЊЕ*

Балканските војни биле причина да настанат коренити промени во етничката и демографската структура на населението на просторите кои дотогаш биле под османлиска власт.[1] Кралството Србија се проширило на територија со исклучително хетероген верски и етнички состав. Во косовско-метохиската област доминирало албанското муслиманско население со околу три четвртини од вкупното население. Во одредени области (Метохија, Дреница, Лапската област), присуството на православно српско население било минимално или, пак, Срби воопшто не живееле. По Балканските војни и Првата светска војна, територијата на Вардарскиот дел на Македонија станува составен дел на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Етничкиот и верскиот состав на населението во Кралството бил прилично колоритен. Србија и Црна Гора како независни држави до 1918 година

[1] Richard C. Hall, The Balkan Wars 1912-1913 Prelude to the First World War, London and New York, 2000, 135-138

влегле во новата држава со значително хомоген етнички и верски состав. Во 1910 година во Кралството Србија 95% од населението биле Срби. Во Црна Гора во 1910 година 93% од населението било православно. Останатите области што станале дел од КСХС помалку или повеќе во етнички верски поглед биле шареноликии. Во Војводина, на пример, Србите претставувале нешто повеќе од една третина од вкупното население. Во овие области Унгарците и Германците претставувале значаен дел од вкупното население.

Војните во периодот 1912–1918 година само го потврдиле правилото дека на Балканот значајните политички промени со себе најчесто носат и етнички промени и поместувања.[2] Миграциските движења, како организирани, така и стихијни, не го одминале Балканскиот Полуостров во текот на целиот XX век. Поразот во Балканските војни, а потоа и распадот на Османлиското Царство довеле до крупни промени на целиот Балкан, а една од последиците на тие промени била масовната миграција на Турците и на голем дел од другите муслимани кон Турција.[3] Турците, но и останатото население со муслиманска вероисповед, честопати водени од своите верски чувства, ја доживувале пропаста на Османлиското Царство како сопствена несреќа.[4]

Еден помал дел од турското и муслиманското население се повлеко со турската војска за време на војните.[5] Тоа, главно, биле дотогашните носители

---

[2] Со право во извештајот на Карнегиевата балканска комисија од 1914 година се истакнува дека Првата балканска војна и поразот на турската армија „ги ослободила со векови насобраните омрази и одмазди. За неколку месеци ги направи угнетуваните христијани господари и судии на своите муслимански врховни господари". (Поранешните Балкански војни (1912–1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија, Скопје, 2000, 103)

[3] Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine - između stihije i državne akcije, ZbornikPisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora, Beograd, 2007, 80

[4] Набљудувачите на процесот на иселување на турското население од првата половина на XX век го објаснуваат ова движење со неприфаќање на Турците да живеат под „туѓ суд и туѓа власт". „Довчерашните господари заминувале за Мала Азија сметајќи го тоа како судбина, како касмет". (Мита Костић, Из историје колонизације Јужне Србије крајем прошлог века, Гласник скопског научног друштва, књ. 12, Скопље, 1933, 235)

[5] Во многу села целото турско население се повлекло заедно со турската војска. Ќе наведеме неколку примери врз основа на теренските антропогеографски истражувања на д-р Јован Ф. Трифуноски во Овче Поле и во Кочанската Котлина. Во 1912 година со повлекувањето на турската војска се иселиле и Турците од селата Орел, Мустафино и Ерцелија во Овчеполието (Jovan F. Trifunoski, Ovčepoljska kotlina, Zbornik za narodni život I običaje, knjiga 42, Zagreb, 1964,, 643). Селото Калиманци непосредно пред Балканските војни броело околу 150 куќи. Во него живеело исламизирано македонско население, заедно со турски колонисти (мухаџири), населени во селото во 1878 година од Бугарија. Сите муслимански жители на селото се повлекле со турската војска кон Велес и Солун. Некои од жителите по завршувањето на воените дејства се вратиле, но бидејќи селото било запалено, се населиле во околните села. Од селото Оризари заедно со турската војска се повлекло и турското население, околу деведесет домаќинства. Од Истибања во 1912 година од вкупно двесте турски домаќинства, во Турција се иселиле 170. Од селото Теранци во 1912 година од вкупно 180 турски домаќинства, во

на турската власт. Меѓу првите кои од Македонија заедно со турската војска се повлекувале кон Цариград и Анадолија биле т.н. мухаџири. Овие Турци-бегалци, босанско-херцеговски муслимани, Албанци и Помаци биле населени во Македонија по војните 1876–1878 година од Србија, Бугарија и од Босна и Херцеговина.[6] Странските известувачи проценувале дека до крајот на март 1914 година од областите заземени од Грција се иселиле 24.296 муслимани, од Бугарија – 45.900, а од областите што ги заземала Србија околу 60.000 муслимани.[7]

Во почетокот на 1913 година Врховната команда на српската војска издала наредба за попис на населението во областите заземени во текот на Првата балканска војна. Полициските власти во текот на февруари и март го извршиле попишувањето на населението, опфаќајки го вкупниот број на населението, бројот на домаќинствата, односно куќите, вклучувајќи ги и напуштените, половата и националната структура и говорниот јазик на населението.[8] Во областите што потпаднале под српска власт по Втората балканска војна со одредбите на Букурешкиот договор, наредбата за попишување на населението била издадена во октомври 1913 година.[9] Податоците добиени од пописот се значајни за историско-демографските проучувања заради можноста за споредба со податоците од пред Балканските војни. Според објавените податоци од пописот на населението во делот на Македонија под српска власт, спроведуван од српските полициски и цивилни власти, во 1913 година живееле околу 890.000 жители.[10]

Војните во периодот 1912–1918 година придонеле за значајно намалување на населението во Вардарскиот дел на Македонија. Според официјалните статистички податоци, во 1921 година на овој простор живееле 798.291 жител. Пописите што се одржале во Кралството СХС/Југославија во периодот меѓу двете светски војни претставуваат основен статистички извор преку кој можеме посредно да ги следиме и

---

Турција се иселиле околу 30. Најголемиот дел од турското население од селото се иселило во дваесеттите години. Од селото Долни Подлог заедно со турската војска се иселиле сите 80 турски домаќинства. Само осум домаќинства се вратиле и се населиле во Кочани и во Облешево. Од селото Грдовци сите турски жители (околу 30 домаќинства) за време на Балканските војни се иселиле во Турција. Нивните куќи биле запалени. (Јован. Ф Трифуноски, Кочанска Котлина, сеоска насеља и становништво, Скопје, 1970, 49, 79, 100-107, 128, 145).

[6] Се проценува дека околу два милиона луѓе до крајот на XIX век, христијани и муслимани, ги напуштиле своите домови и се преселиле (Milan St Protić, Migrations resulting from peasnt upheavals in Serbia during the 19 th centurs, Migrations i Balkan History, Belgrade, 1989, 94).

[7] Vladan Jovanović, In search of homeland? Muslim migration from Jugoslavija to Turkey 1918–1941, Токови Историје, бр.1-2/2008, Београд, 2008, 57. Според новинарски извештаи, од декември 1913 година до март 1914 година од Србија се иселиле 23.296 муслимани (Милош Јагодић, Нови крајеви Србије 1912–1915, Београд, 2013, 307).

[8] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912–1914. Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје, 1979,107-109, 220.

[9] Милош Јагодић, Нови крајеви Србије..., 115.

[10] Мил. Ант. Вујовић, Речник места у Ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима, Београд, 1914. Во вкупниот број население не влегува населението на Стумичката околија, која до 1919 година е под бугарска власт.

миграционите процеси што се одвивале во Вардарскиот дел на Македонија. Пописот од 1921 година е првиот сеопфатен попис на територијата на денешна Република Македонија со употреба на современета статистичка методологија. Вардарскиот дел на Македонија во официјалната публикација објавена во 1932 година, во која биле објавени податоците за присутното население по вероисповед и мајчин јазик, како и пол и старост, официјално бил дел од покраината Јужна Србија.[11]

Доколку ги споредиме податоците од пописот 1921 година со податоците од првиот српски попис на овие простори од 1913 година, но и со другите податоци што се однесуваат на вкупниот број населението непосредно пред Балканските војни, ќе дојдеме до заклучок дека Вардарскиот дел на Македонија за неполна деценија изгубил повеќе од 100.000 жители. Споредувајќи ги податоците од пописот од 1921 година со податоците за населението од пред Балканските војни, се забележува дека во одредени области дошло до значајни етнички промени. Бројот на турското население значително се намалил во областите во кои биле релативно мнозинство до Балканските војни, како што се Штипско, Радовишко и делови од јужно Повардарие. Покрај турското население, видливо намалување бележи и влашкото население, кое поради иселување или, пак, тивко претопување претставувало само една третина од населението пред Балканските војни.[12] Особено било масовно иселувањето на Власите од Битола и од околните села, како и од Крушево во Грција, пред сè, во Солун.[13]

За време на Балканските војни, особено за време на септемвриските настани, албанското население претрпело определени демографски загуби. Во градот Дебар, на пример, пролетта 1913 година живееле 10.199 жители.[14] Според српските власти, во градот имало 1.717 албански домаќинства и 465 српски, во кој живееле 5.373 мажи и 4.826 жени.[15] По задушување на востанието, во градот Дебар биле регистрирани 3.198 жители, од кои 2.699 христијани и 1.552 муслимани. Според извештајот на

[11] Првите резултати од пописот од 1921 година биле објавени во 1924 година, додека дефинитивните во 1932 година. Конечните резултати од пописот одржан во 1931 година биле објавени во четири книги објавувани од 1937 до 1940 година и тоа: Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga I, Prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva, Beograd, 1937; Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga II, Prisutno stanovništvo po veroispovesti, Beograd, 1938; Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti; Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga IV, Prisutno stanovništvo po glavnom zanimanju, Beograd, 1940

[12] Според податоците на Васил К'нчов, во деловите од Македонија кои по Балканските војни потпаднале под власт на Србија, на крајот на XIX век живееле околу 33.000 Власи (Васил Кънчов, Македония етнография и статистика второ фототипно издание, София, 1996, 281-283).

[13] Астериос Ј. Кукудис, Власите – метрополи и дијаспора, превод предговор и коментари Никола Минов, Скопје, 201, 456-462.

[14] Мил. Ант. Вујовић, Речник места у Ослобођеној области Старе Србије...,4, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914..., 90.

[15] Милош Јагодић, Нови крајеви Србије,... 119.

началникот на Охридскиот округ, Јован Ќирковиќ, за време на нередите околу 20.000 муслимани од округот побегнале во Албанија, од кои 8.000-9.000 од Дебар.[16] Податоците од пописот од 1921 година покажуваат дека во одредени области се намалува и бројот на македонското население.

Вториот попис на населението во Кралска Југославија се одвивал од 1 до 20 април 1931 година. Според овие податоци, на територијата на Вардарскиот дел на Македонија во 1931 година живееле 938.628 жители.[17] Најголемиот дел од населението припаѓало на православната и на муслиманската вероисповед. Православни биле 637.667 жители, односно 67.9%, муслимани 282.813, односно 30.1%. За период од една деценија православното население се зголемило за 119.438 жители. Тоа се должело и на споменатиот висок природен прираст и на колонизацијата, која била масовна во дваесеттите години. Покрај Македонците и Власите, меѓу попишаните православни жители се наоѓаат и колонизираните Срби, како и помал број Црногорци, а помал број и други народности. Кај муслиманското население, пак, и покрај високиот наталитет, поради иселувањето во дваесеттите години, дошло до релативно мало зголемување во вкупниот број од 12.000 жители и до намалување во процентуалната застапеност за 3.9% во однос на 1921 година.

Според објавените податоци, 669.110 жители, односно 71.2% официјалната статистика ги евидентира со српскохрватски мајчин јазик, 129.645 жители, односно 13.8% се изјасниле со мајчин јазик албански (во официјалната статистика арнаутски),[18] со турски – 105.407 жители, односно 11.2%, со влашки[19] – 10.981, со ромски – 9.837, а како Евреи по мајчин јазик се определиле 6.835 жители, додека со еврејска вероисповед се определиле 7.094 жители.[20] Според овие податоци, би можеле да заклучиме дека приближниот број Македонци во 1931 година би можел да се процени на околу 600.000-610.000 жители или околу 65%.[21]

Анализата на податоците од пописите од 1921 и 1931 година покажува дека дошло до намалување на бројот на турското население од 118.758 во 1921 на

---

[16] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912–1914..., 387. По настапувањето на српската војска во краевите зафатени со востаничкото движење, цели села останале празни, бидејќи жителите се иселиле во Албанија. При отстапувањето на албанските одреди, во некои места локалните христијански жители ги палеле куќите на избеганите албански муслимани како одмазда, или како плод на верскиот антагонизам (Милош Јагодић, Нови крајеви Србије..., 262).

[17] Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga I…,101

[18] Stanovništvo predratne Jugoslavije po veroispovesti maternjem jeziku po popisu od 31.III1931 godine…, 29-31

[19] Како и во 1921 година, влашкото население во Македонија официјалната статистика го евидентира со романски мајчин јазик (Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession…,308-351).

[20] ibidem

[21] Во овој број е пресметано населението евидентирано со српскохрватски мајчин јазик од православна и од муслиманска вероисповед, како и католичкото и протестантското население во струмичката област.

105.407 во 1931 година. Тоа се должи на иселувањето на дел од Турците и во третата деценија на XX век, процес што започнал уште со Балканските војни. Во најголем број околии (срезови) нивниот број или се намалува или бележи стагнација. Во дваесеттите години се иселувале и градските Турци и дел од турското население од селата, особено побогатиот слој. До намалување на бројот на Турците дошло во Штипско, Велешко,[22] Кочанско,[23] Битолско и Прилепско,[24] во Овчеполието.[25] Големо иселување на Турците и, воопшто, на муслиманското население имало од тиквешката област. Голем број од муслиманите во областа биле исламизирани и не го познавале турскиот јазик, иако и од христијаните биле нарекувани Турци.[26]

За разлика од Турците, Албанците во меѓупописниот период бележат зголемување за близу 20.000 жители. Тоа се должи на високиот природен прираст, кој во овој период е карактеристика за целото население во Македонија, како и на малата стапка на иселување за разлика од другите муслимански популации. Албанското население се иселувало, главно, од областите каде што не претставувале компактна мнозинска маса, како што се Прилепско или Битолско, додека од другите области овој процес е многу поумерен.[27] Бројот на албанското население се намалува или стагнира во областите во кои биле малцинство, односно во периферните делови на териториите што ги населувале, како што е, на пример, Пелагонија, додека во Полог или во Скопско нивниот број се зголемува. Албанците бележат најголемо

[22] Во дваесеттите години само од неколку села северно од Велес (Иванковци, Мамутчево, Сујаклари и Чалошево) се иселиле околу 200 домаќинства (Миљенко С. Филиповић, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књига, 17,532), иселувања имало и од селата Горно Оризари и Црквино (Jovan F. Trifunoski, Oblast Babune i Topolke, Zbornik za narodni život i običaje južnih Slavena, knjiga 47, Zagreb,1977, 177)

[23] Во Кочанска Котлина иселувањето било масовно во втората половина на дваесеттите години. Од селата Облешево и Бања се иселиле сите турски жители. Од Зрновци во периодот 1922–1928 година се иселиле околу 90, главно, побогати семејства. Во истиот период од Теранци се иселиле 120 домаќинства, од Мородвис – 75, а иселувања имало и од Видобиште, Блатец, Пекљани и од други села во областа (Јован Ф. Трифуноски, Кочанска котлина сеоска насеља и становништво..., 53-151).

[24] Само од селото Кременица (Кенали) меѓу 1924 и 1930 година се иселиле околу 100 домаќинства (Јован Ф. Трифуноски, Битољско-прилепска котлина антропогеографска проучавања, Београд, 1998, 99-416).

[25] Во Овчеполска Котлина во периодот 1923–1928 година се иселиле сите турски жители на селата Пеширово, Амзабегово, Мало Црнилиште и голем број домаќинства од другите села. Само во периодот 1924–1927 од селото Горобинци се иселиле 70 домаќинства (Jovan F. Trifunoski, Ovčepoljska kotlina...,...,666-762).

[26] Види: Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви, Београд, 1924, Војислав С. Радовановић, Тиквеш и Рајац, Насеља и порекло становништва, књига 17, Београд, 1924, 198-278; Васил Кънчов, Македония етнография и статистика...,49-50

[27] Албанците во дваесеттите години се иселиле од неколку села во Пелагониска Котлина, како што се Браилово, Врбоец, Породин, Црнеец и други села, спореди: (Јован Ф. Трифуноски, Битољско-прилепска котлина..., 193, 261, 308, 384). Од другите области иселувањето на албанското население било послабо.

зголемување во околиите (срезовите) Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Кичево и Струга. Во Тетовската околија Албанците претставувале апсолутно мнозинство со 53%. Во Гостиварската биле релативно мнозинство со 45%, во Кичевската околија биле 31%, во Струшката – 29%, во Дебарската – 25%, во Кумановската – 20%, во Скопската – 19%.[28]

Прилично бил силен процесот на иселување на македонските муслимани во односниов период. Од пописните податоци е тешко да се определи нивниот точен број. Во 1931 година во Вардарскиот дел на Македонија живееле 40.106 муслимани со српскохрватски мајчин јазик,[29] од кои најголемиот број се македонски муслимани. Карактеристично е дека кај ова население процесот на иселување по Балканските војни бил мошне силен. Многубројните теренски истражувања, како и статистичките податоци покажуваат дека тие масовно се иселувале од сите области, дури и од просторите каде што претставувале компактна маса. Само од шесте скопски села во сливот на Маркова Река, меѓу двете светски војни се иселиле во Турција околу 115 семејства.[30] Силно било и нивното иселување од тиквешката област.[31] Иселувања имало и од Велешко.[32]

Во 1925 година биле воспоставени дипломатски односи помеѓу Кралството СХС и Турција, по што започнале разговорите за планско иселување на дел од државјаните на Кралството со муслиманска вероисповед во Турција. Во ноември 1933 година во Белград бил потпишан југословенско-турски договор за пријателство, а се разговарало и за имотите на турските големопоседници што потпаднале под ударите на аграрната реформа.[33] Во септември 1935 година во Министерството за надворешни работи во Белград се состанале претставници од пет министерства и Генералштабот, со цел да го разгледаат прашањето за можно иселување на дел од муслиманското население од државата. Бил составен и проект од т.н. Комитет на интерминистеријалната конференција за иселување на несловенскиот елемент од

---

[28] Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession..., 308-351; Stanovništvo predratne Jugoslavije po veroispovesti i maternjem jeziku, sv. 3, pregled po srezovima, avgust 1945, 29-31

[29] Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession...,308-351 Најголем дел од ова население живеело во реканскиот крај, Дебарска Жупа, Тиквеш, Кичевско, Прилепско, Скопско, Струшко, Тетовско и Велешко.

[30] Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове реке антропогеографска проматрања, Скопје, 1958, 158-182

[31] Во 1921 година во Кавадаречката и Неготинската околија живееле околу 9.000 муслимани евидентирани по мајчин јазик како „Срби или Хрвати" (Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године..., 120-121), додека во 1931 година нивниот број се намалува на 4.110 (Die Glederung..., 322, 332).

[32] Од селото Долно Врановци и Мелница во периодот 1925–1938 година се иселиле во Турција околу 120 домаќинства (Jovan F. Trifunoski, Oblast Babune i Topolke...,172).

[33] Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941), Almanah, br, 29-30, Podgorica, 2001,228.

Јужна Србија.[34] Во март 1937 година Васо Чубриловиќ, професор на Белградскиот универзитет, изработил елаборат, по барање на одредени политички и воени кругови, со наслов „Иселување на Арнаутите". Елаборатот во форма на предавање бил претставен и во Српскиот културен клуб.[35] Во своите тези Чубриловиќ прави анализа на српско-албанските односи до 1912 година, како и во периодот по 1918 година, а зборува и за неуспешноста на српската колонизација. Тој предлагал државата да склучи договори со Албанија и Турција за иселување на дел од ова население.[36]

Настојувањата на југословенската влада да постигне договор со Турција за иселување на дел од муслиманското население од државата се реализирале во 1938 година. Предлогот за формирање мешовита комисија за иселување потекнал од турскиот министер за надворешни работи, Ружди Арас.[37] Во јуни 1938 година во Истанбул се одржала конференција, чија цел, меѓу другото, била да ги разгледа сите можности за иселување на турското население од Романија и од Југославија. Мешовитата комисија за иселување се состанала осум пати, при што биле разгледувани можностите за иселување. Конечно, на 11 јули 1938 година била потпишана Конвенцијата со која било опфатено југословенското муслиманско население „кое зборува турски јазик и има турска култура".[38] Официјалната југословенска политика сосема тивко ја проследило информацијата до јавноста. Всушност, во турските политички кругови турските и муслиманските доселеници од балканските држави ги сметале за турски национален спомен за земјите што ги изгубиле.[39]

Во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни се одвивал организираниот процес на колонизација од државата. Тоа било значајно и организирано миграционо движење насочено кон Македонија. Процената за колонизираното население се движи од околу 20.000, па сè до 100.000 жители.[40]

---

[34] Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju „neslovenskog elementa" u Tursku (1935), Prilozi, br. 35, Sarajevo, 2006,114

[35] Др. Васо Чубриловић, Исељавање Арнаута, Искушења српске елите, документи о раду Српског културног клуба, Приредио Перо Симић, Београд, 2006

[36] ibidem...,81; Славенко Терзић, Стара Србија (XIX и XX век) драма једне цивилизације, Рашка, Косово и Метохија, Скопско-тетовска област, Нови Сад – Београд, 2012, 256-261

[37] Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana 1912–1941, Prilozi, br. 32, Sarajevo, 2003, 222„ Турција не била задоволна од Конвенцијата за иселување на муслиманите од Романија поради недоволно прецизните ставови за финансиските обврски на романската страна. Турската влада се жалела дека не била во можност да ги обезбеди сите потребни средства за населување на ова население на своја територија.

[38] Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Фонд Лазар Колишевски, к. 43, папка 2, ДСИП, dr. Ales babler drugu lazaru Koliševskom, Zabeleška o sporazumu sklopljenom između bivše Jugoslavije i Turske

[39] Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana...,214; Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine-između stihije i državne akcije..., 82

[40] Стојан Киселиновски, Етничкикте промени во Македонија (1913–1995), Скопје, 2000, 55. До 1940 година во Вардарскиот дел на Македонија биле колонизирани 4.167 семејства

Сепак, вкупниот број колонисти населени во селата и административниот и воено-полицискиот кадар, како и останатите жители од другите делови на Кралството населени, главно, во поголемите градови се смета дека на почетокот на триесеттите години не надминувал повеќе од 60.000–65.000 жители.

Според процените на Јован Трифуноски во 1940 година, бројот на колонистите бил околу 40.000 жители.[41] Според други податоци, до јуни 1940 година во Македонија биле колонизирани 3.670 семејства, со 18.384 жители од кои 15.995 православни и 3.389 католици, во 277 населени места. Колонистите не биле населени само во Горнополошката, Кривопаланечката, Струшката и Преспанската околија.[42] Според Владан Јовановиќ, на просторот на Македонија и на Косово до 1940 година биле колонизирани 87.000 жители. По вероисповед 94% биле православни и 6% римокатолоци.[43]

Почетоците на српската колонизација во Вардарскиот дел на Македонија се поврзани со воспоставувањето на српската власт на овој простор веднаш по завршувањето на Втората балканска војна. Властите донеле уредба за населување на новите краишта.[44] За колонизацијата расправала и српската влада уште додека била на островот Крф во 1917 година. Колонизацијата во Македонија бездруго имала политички и национални цели, преку која власта сакала да го осигури своето владеење на овие простори. Но, поради краткото време и започнувањето на Првата светска војна, не дошло до реализирање на планираното населување. По завршувањето на војната, веднаш започнал процесот на колонизација со донесување на Уредбата за доброволците и Уредбата за населување на јужните краеви во 1920 година. Подоцна започнала и колонизацијата на северните краеви на државата (главно, Војводина).

Тоа дека колонизацијата била опсежно подготвувана се гледа по тоа што биле основани посебни државни органи за нејзино спроведување. Освен тоа што добивале земја, колонистите при населувањето имале и разни привилегии, како што биле: бесплатен превоз до новите места, добивале бесплатни материјали за изградба на куќи, а работите на колонистите од странство биле ослободувани од царина. Во областите на север од Сава и Дунав биле населувани колонисти претежно од пасивните западни области на државата, додека во Македонија и во Косово колонистите потекнувале од речиси сите делови на државата, дури и од странство, како што биле оптантите од Унгарија или Австрија.

Доколку ја спoредиме српската колонизација меѓу двете светски војни со колонизацијата што ја спроведувала грчката влада на територијата на Егејскиот

(Александар Апостолов, Колонизација на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1990, 208)..

[41] Јован Ф. Трифуноски, Међуратна колонизација Срба у Македонији, Београд, 1991, 14.

[42] Драгиша И. Кецојевић, Насељеници у Јужној Србији између два светска рата, Вардарски зборник, Београд, 2011, 182.

[43] Владан Јовановић, Вардарска бановина 1929–1941, Београд, 2011,101

[44] Милош Јагодић, Уређење ослобођених области Србије 1912–1914: правни оквир, Београд, 2010, 96-100.

дел на Македонија, особено по Лозанскиот договор од 1923 година, ќе забележиме дека влијанието на српската колонизација врз етничките процеси во Вардарскиот дел била далеку послаба, побезболна и без далекусежно дејство врз етничките територии за разлика од Егејска Македонија.

За ваквата состојба постојат неколку причини. Србија излезе како победник од Балканските војни и од Првата светска војна, добивајќи големи, етнички исклучително нехомогени територии. Просторот што бил опфатен со колонизаторски дејства бил доста голем од Војводина преку косовско-метохиската област до Македонија. Сите овие области требало да добијат српски етнички карактер. Но, српскиот етнички корпус го немал тој демографски капацитет успешно да го опфати овој простор, а и времето на спроведување на колонизацијата од две децении било релативно кратко за да можело да се реализираат докрај сите нејзини предвидени влијанија, како што ги навел еден од најодговорните за колонизацијата во Македонија и во Косово, Ѓорѓо Крстиќ: „Од наше гледиште, колонизацијата е првокласно државно прашање на југот... таа спроведува национализирање и асимилирање на тамошните наши краишта“.[45]

Колонизацијата била особено силна на просторот на косовско-метохиската област, особено во областите што граничеле со Албанија, како и во деловите на областа каде што постоеле големи простори на обработлива земја, а српското население претставувало мал дел од вкупното население. Според истражувањата правени во Косовската област во периодот меѓу двете светски војни,[46] голем дел од српското население во Косово било колонизирано по 1918 година. Во триесеттите години на XX век, околу една третина од српските семејства во пространата област на Косовската Котлина (просторот од Качаник до Митровица) им припаѓала на колонистите населени по Првата светска војна.[47] Во Лапската област, пак, целото српско население потекнувало од колонисти, бидејќи староседелското српско население се иселило од областа по српско-турското разграничување во 1878 година.[48]

Доколку сега ја направиме споредбата со Грција, може да се забележи дека таа ги немала овие тешкотии. Напротив, Грција располагала со 1.500.000 бегалци од Мала Азија кои требало да распоредат по целата нејзина територија, особено во Македонија. Влијанието на грчата колонизација можеби најдобро го објаснил

---

[45] Ђорђо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928, 136

[46] Атанасије Урошевић: Горња Морава и Изморник. Насеља и порекло становништва, књига, 28, Београд 1935; Истиот Косово, антропогеографска проучавања. Насеља и порекло становништва, књига, Београд, 1965.

[47] Во периодот 1931–1935 година, кога колонизацијата сè уште била во тек, од вкупно 4.059 српски семејства, на просторот на Косовско Поле (без градовите), 1.437 биле колонистички и тоа во најголем дел по потекло од Црна Гора, Босна и Хрватска (Атанасије Урошевић, Етнички процеси на Косову током турске владавине, Београд, 1987, 19-20).

[48] Косовка Ристић, Мало Косово, Приштина, 1971. Властите успеале до 1940 година да колонизираат на споменатиот простор 1.183 семејства и претставувале околу 30% од населението на областа (Атанасије Урошевић, Етнички процеси..., 28-29).

долгогодишниот лерински митрополот Августин, кој истакнал: „Ако Грција денес постои како хегемон етнос, таа ѝ го должи тоа на малоазиската катастрофа. Да не дојдеа стотиците илјади бегалци во Грција, денес немаше да постои грчка Македонија. Бегалците ја создадоа националната хомогеност на нашата држава“.[49]

[49] Анастасија Каракасиду, Полиња Жито, Ридишта Крв, Патиштата кон националноста во грчка Македонија, Скопје, 2002, 165

*Литература*

Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Фонд Лазар Колишевски, к. 43.

Мил. Ант. Вујовић, Речник места у Ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима, Београд, 1914.

Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga I, Prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva, Beograd, 1937.

Definitivni rezultati popisa stanovništva od marta 1931 godine, knjiga II, Prisutno stanovništvo po veroispovesti, Beograd, 1938.

Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912–1914. Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје, 1979.

Поранешните Балкански војни (1912–1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија, Скопје, 2000.

Александар Апостолов, Колонизација на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1990

Виолета Ачкоска, Политичките прилики и парламентарниот живот во Македонија како дел од Јужна Србија 1919–1929 година, ГЗФФ, 66, Скопје, 2013.

Safet Bandžović, Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878–1941), Almanah, br, 29-30, Podgorica, 2001.

Safet Bandžović, Ratovi i demografska deosmanizacija Balkana 1912–1941, Prilozi, br. 32, Sarajevo, 2003.

Милош Јагодић, Уређење ослобођених области Србије 1912–1914: правни оквир, Београд, 2010.

Милош Јагодић, Нови крајеви Србије (1912–1915), Београд, 2013

Vladan Jovanović, Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine - izmeđ stihije i državne akcije, ZbornikPisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora, Beograd, 2007.

Vladan Jovanović, In search of homeland? Muslim migration from Jugoslavija to Turkey 1918-1941, Токови Историје, бр.1-2/2008, Београд, 2008.

Vladan Jovanović, Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju “neslovenskog elementa” u Tursku (1935), Prilozi, br. 35, Sarajevo, 2006.

Владан Јовановић, Вардарска бановина 1929–1941, Београд, 2011.

Васил Кънчов, Македония етнография и статистика второ фототипно издание, София, 1996.

Мита Костић, Из историје колонизације Јужне Србије крајем прошлог века, Гласник скопског научног друштва, књ. 12, Скопље, 1933.

Астериос Ј. Кукудис, Власите метрополи и дијаспора, превод предговор и коментари Никола Минов, Скопје, 2012.

Стојан Киселиновски, Етничките промени во Македонија (1913–1995), Скопје, 2000.

Драгиша И. Кецојевић, Насељеници у Јужној Србији између два светска рата, Вардарски Зборник, Београд, 2011.

Војислав С. Радовановић, Тиквеш и Рајац, Насеља и порекло становништва, књига 17, Београд, 1924

Ђорђо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928.
Milan St Protić, Migrations resulting from peasant upheavals in Serbia during the 19th centurs, Migrations i Balkan History, Belgrade, 1989
Косовка Ристић, Мало Косово, Приштина, 1971.
Славенко Терзић, Стара Србија (XIX и XX век) драма једне цивилизације, Рашка, Косово и Метохија, Скопско-тетовска област, Нови Сад-Београд, 2012.
Jovan F. Trifunoski, Ovčepoljska kotlina, Zbornik za narodni život I običaje, knjiga 42, Zagreb, 1964.
Јован. Ф Трифуноски, Кочанска Котлина, сеоска насеља и становништво, Скопје, 1970.
Jovan F. Trifunoski, Oblast Babune i Topolke, Zbornik za narodni život i običaje južnih Slavena, knjiga 47, Zagreb,1977.
Јован Ф. Трифуноски, Битољско-прилепска Котлина, антропогеографска проучавања, Београд, 1998
Јован Ф. Трифуноски, Међуратна колонизација Срба у Македонији, Београд, 1991.
Атанасије Урошевић; Горња Морава и Изморник, Насеља и порекло становништва, књига, 28, Београд 1935.
Richard C. Hall, The Balkan Wars 1912-1913Prelude to the First World War, London and New York, 2000.
Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви, Београд, 1924.
Др. Васо Чубриловић, Исељавање Арнаута, Искушења српске елите, документи о раду Српског културног клуба, Приредио Перо Симић, Београд, 2006.

*Borce ILIEVSKI*

# THE INFLUENCE OF MIGRATIONS ON THE ETHICAL AND DEMOGRAPHIC STRUCTURE OF THE POPULATION IN VARDAR PART OF MACEDONIA (1912-1941)

***Summary***

*The text analyses the ethno-demographic changes that have occurred in the part of Macedonia which after the Balkan and the First World War became integral part of Kingdom Serbia, i.e. Kingdom SHS/Yugoslavia. The analysis of the mentioned changes is supported by the official statistic data published after 1914, based on the population census conducted by the Kingdom Serbia in 1913 and by the Kingdom SHS/Yugoslavia in 1921 and 1931.*

*Apart from the data from the official census publications as very significant source for the migration movements, also used are several field ethnographic and anthropogeography researches. Based on the analysis of the official statistic data and the migration movements, we can see the changes in the ethno demographic structure of the population in the part of Macedonia under Serbian occupation, especially in the period between the two world wars.*

***Key words:*** *MIGRATIONS, ETHNO-DEMOGRAPHIC CHANGES, MACEDONIA, POPULATION CENSUS, EMIGRATION*